860

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
25. III. 1966

Културен размерник

ОД АКТИВНОСТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ЧЕТИРИ ИЗЛОЖБИ ВО АПРИЛ

**По отворањето на изложбата „Подарени дела од Полска", во Музејот на современата уметност во Скопје засилено се работи на неколку нови зафати.**

**Така, неодамна испратените дела од шест македонски ликовни уметници во Нирнберг, Западна Германија, се мошне срдечно прифатени од тамошната Градска галерија.**

- **ПРВИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ УМЕТНИЦИ ВО НИРНБЕРГ**
- **НА ОТВОРАЊЕТО НА ИЗЛОЖБАТА „ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД ФРАНЦИЈА", СЕ ОЧЕКУВА ДОАЃАЊЕТО НА ЖАН КАСУ И Г. ИВ ШАТЕЊО**

Станува збор за над педесет експонати од Димитар Кондовски, Тома Шијаковиќ, Петар Мазев, Ристо Калчевски, Иван Велков и скулпторот Петар Хаџи-Бошков, што ќе бидат изложени во овој Западногермански град. Изложбава ја организира Музејот на современата уметност и тоа наедно ќе биде прва изложба на дела од југословенски ликовни уметници во Нирнберг. Изложбата ќе ја отвори Борис Петковски.

Изложбата ќе биде отворена од 7 до 30 април, а потоа ќе биде пренесена и во други западногермански градови. Постои можност делата на шестемина македонски ликовни уметници да бидат презентирани и во Хамбург, Минхен и други градови.

Само неколку дена потоа Друштвото на ликовните уметници на применетите уметности на Македонија (ДЛУПУМ), во соработка со овој музеј ќе отвори изложба на дела од свои членови, во новите простории на Музејот на современата уметност, што се наоѓаат на улицата „Ѓуро Салај", (Бившите простории на претставништвото на „Круп"). Изложбата ќе биде отворена на 10 или 12 април.

Во текот на истата недела ќе биде отворена и веќе најавената изложба на „Подарени дела од Франција". Ќе бидат изложени 140 експонати од околу 50-тина ликовни уметници. Како што беше најавено, предговорот за каталогот, кој ќе биде мошне репрезентативно опремен, го напиша познатиот француски писател Жан Касу. Постои можност до денот на отворањето 15 април во Скопје да пристигнат и Жан Касу, како и г. Ив Шатењо, претседател на францускиот национален комитет за помош на Скопје. Изложбата ќе биде отворена во Даут Пашиниот амам и ќе трае до 26 април.

И конечно на 21 април во новиот салон на Музејот на современата уметност ќе биде отворена изложба на тема „Човекот и архитектурата" на Лисјен Ерве, уметник-фотограф, долгогодишен соработник на неодамна починатиот француски прочуен архитект Курбизие. Неговите дела ја обиколија цела Европа, а во Скопје доаѓа од Финска. Оваа изложба потоа ќе биде пренесена во Битола и Охрид. Се очекува на 13 април Лисјен Ерве да одржи предавање за животот и работата на Курбизие.

Ал. Поповски